Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" број 46/04 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 248/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО ЗА ДВИЖЕЊЕ НА АКЦИЗНИ ДОБРА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова Упатство се уредува:
   - начинот и постапката на следење и контрола на акцизните добра кои се движат во постапка на акцизно одложување со примена на електронски административен документ;
   - постапувањето со алтернативните докази за завршување на движењето;
   - постапувањето во случаите на откажување на движењето после истекување на времето на тргнување;
   - постапувањето во случај на недостапност на Модулот EMCS во СОЦДАД или на трговците при движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување и
   - постапувањето со акцизните добра кои се движат надвор од постапка на акцизно одложување.

2. Ова упатство не се применува за движење на акцизни добра кои се ставени во некоја од царинските постапки во согласност со Царинскиот закон[1]. Акцизното одложување започнува во моментот кога е завршена царинската постапка на пуштање во слободен промет, односно кога акцизните добра ќе добијат статус на домашна стока.

3. Правната основа со која се регулира постапката на движење на акцизните добра со примена на електронски административен документ е пропишана со одредбите на Глава 4 од Законот за акцизите и Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување[2].

4. Акцизните добра согласно член 32 од Законот за акцизите можат да се движат во системот за акцизно одложување и надвор од системот за акцизно одложување.

5. Системот за контрола и движење на акцизни добра – EMCS (excise movement and control system) е компјутерски систем за електронска контрола на движењето на акцизните добра во модулот АКЦИЗИ во СОЦДАД. Во Република Северна Македонија овој систем се применува исклучиво за движење на акцизни добра на национално ниво.

---

[1] Царинскиот закон со сите измени и дополнувања, како екстерни акти се објавени во Депозитарот за екстерни документи на Интранет порталот на Царинската управа

[2] Законот за акцизите и Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување со сите измени и дополнувања, како екстерни акти се објавени во Депозитарот за екстерни документи на Интранет порталот на Царинската управа

6. EMCS системот е интегриран со модулот за управување со одобренија – MEOC кој содржи податоци за трговските друштва кои имаат акцизна дозвола или одобрение за повластен корисник, со модулот за увоз и модулот за контрола на извозот.

7. Основен документ со кој се движат акцизните добра во постапка на акцизно одложување е електронскиот административен документ (во понатамошниот текст е-АД) на кој системот му доделува единствен административен референтен број на движење (ЕАРБД).

8. Овластениот држател на акцизен склад поднесува електронски административен документ (во понатамошниот текст: е-АД) за движење на акцизните добра во Модулот EMCS во Порталот за трговци во СОЦДАД во постапка на одложено плаќање на акцизата во случаите кога:
   - се испраќаат од еден акцизен склад во друг акцизен склад;
   - се испраќаат од акцизен склад до место на повластено користење на имател на одобрение за повластено користење или имател на одобрение од член 100 од Законот за акцизите.
   - се испраќаат од акцизен склад до царинска испостава на извоз и
   - од царинската испостава на увоз, по завршување на царинската постапка се испраќаат до акцизен склад или до место на повластено користење.

9. Повластениот корисник поднесува е-АД за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување во случаите кога:
   - акцизните добра се испраќаат од царинската испостава на увоз до местото на повластено користење и
   - со претходна согласност на надлежниот царински орган во случај на укинување на одобрението за повластен корисник, кога се враќаат од местото на повластено користење во акцизен склад или во странство.

10. Во постапка на акцизно одложување се движат следните акцизни добра:

    - алкохол и алкохолни пијалаци

    - тутун и тутунски производи

    - енергентите наведени во член 94 од Законот за акцизите.

11. Во постапка на акцизно одложување се движат и суровините за добивање на енергентите односно производите од тарифните броеви од 1507 до 1518 и биодизелот и мешаниците со биодизел од тарифниот подброј 3826 00, доколку се наменети за употреба како погонско гориво, за подобрување на погонското гориво или како гориво за греење.

## II. УПОТРЕБЕНИ ПОИМИ

12. Поимите употребени во ова Упатство го имаат следново значење:

    1) Постапка на акцизно одложување е постапка која се применува на производство, преработка, складирање, прием и испраќање на акцизни добра или движење на акцизните добра, во која настанувањето на акцизата е одложено, а акцизните добра не се ставени во една од царинските постапки во согласност со царинските прописи;
    2) Држател на акцизен склад е секое лице кое има акцизна дозвола издадена од надлежен царински орган и на кое му е одобрено во рамките на својата дејност да произведува, преработува, складира, прима и испраќа акцизни добра во постапка на акцизно одложување;
    3) СОЦДАД – систем за обработка на царински декларации и акцизни документи
    4) EMCS (Excise movement and control system) – Систем за движење и контрола на акцизни добра – подмодул во модулот АКЦИЗИ во СОЦДАД;
    5) Електронски административен документ (е-АД) е електронски документ креиран во Системот за движење и контрола на акцизни добра;
    6) Упростен е-АД- електронски документ кој се поднесува во согласност со член 34 став (16) од Законот за акцизите во случаите кога движењето на акцизните добра се одвива помеѓу акцизни складови на ист држател.
    7) ХАД – хартиен административен документ - документ кој го придружува движењето на акцизни добра во случаите кога се применува резервна постапка;
    8) ЕАРБД – Единствен административен референтен број на движење (ARC-Administrative reference code) – референтен број на електронскиот административен документ даден од системот.
    9) ОКТД – Одделение за контрола на трговски друштва
    10) НКТС – Нов компјутеризиран транзитен систем

## III. ДВИЖЕЊЕ НА АКЦИЗНИ ДОБРА ВО ПОСТАПКА НА АКЦИЗНО ОДЛОЖУВАЊЕ

### III.1. Движење на акцизните добра во постапка на акцизно одложување кога акцизните добра се испраќаат од акцизен склад

13. Испраќачот – овластен држател на акцизен склад поднесува нацрт е-АД (порака EM815) преку EMCS пред испраќањето на акцизните добра од акцизниот склад, најрано 7 дена пред датумот на испраќање, а најдоцна на денот на испраќањето.

14. Нацрт е-АД поднесен во согласност со член 34 став (3) од Законот за акцизите и е-АД на кој му е доделен ЕАРБД во согласност со член 34 став (1) од Законот за

акцизите се пополнуваат во согласност со барањата наведени во Табелата 1 од Прилог I на Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување.

15. Испраќачот – овластен држател на акцизен склад е должен да испечати примерок од е-АД или да обезбеди друг трговски документ кој го содржи ЕАРБД. Движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување до акцизен склад на друг имател или до место на повластено користење мора да се одвива со еден од наведените документи и кој во текот на движењето по потреба им се приложува на надлежните органи по претходно барање.
16. По исклучок од точка 13 на ова Упатство, во случаите кога акцизните добра се испраќаат по цевководи и други фиксни инсталации, испраќачот – овластен држател на акцизен склад поднесува е-АД откако акцизните добра ќе поминат низ мерниот уред за мерење на непрекината и динамична количина на течност различна од вода и/или мерниот сад и резервоар кој е опремен со соодветна опрема со која може да се утврди обемот на зафатнина во мерните садови или резервоари во зависност од видот на акцизното добро. Ова не ја исклучува електронската проверка на податоците во нацрт е-АД од страна на надлежниот царински орган и добивање на ЕАРБД. При движење на акцизните добра во постапка на акцизно одложување преку фиксни цевководи, испечатената верзија на е-АД не се применува.
17. Движењето на акцизни добра во рамките на два акцизни складови на ист држател се одвива со примена на упростен е-АД кој содржи намален број на податоци, доколку истото е одобрено со акцизната дозвола, вклучувајќи и изземање од пополнување на полињата за гаранција за движење.
18. Службата за координација и врски (EMCS) во Одделението за надзор, проверка и координација при Секторот за акцизи (во понатамошниот текст – Службата) е должна континуирано да го следи движењето на акцизните добра во EMCS од страна на држателите на акцизен склад и еднаш неделно во понеделник да го достави извештајот за незатворени движења од Модулот EMCS до помошникот директор на Секторот за акцизи, а по потреба доколку не постои сомневање за неправилности, да испрати и потсетување до испраќачот.
19. Во случај на утврдени неправилности и во зависност од утврдената неправилност, шефот на Службата е должен да превземе соодветни активности за утврдување и наплата на акцизата и евентуално поведување на прекршочна постапка. На утврдување на неправилноста му претходи физичка контрола кај акцизниот обврзник. Во случај на сомнеж за неправилност, службата е потребно писмено да се обрати до Службата за надзор, проверка и аналитика во рамки на Одделението за надзор, проверка и координација или до ОКТД со барање за вршење контрола во зависност од случајот. На утврдувањето и наплатата на акцизата му претходи записник за извршена контрола изготвен од страна на Секторот за контрола и истраги или Секторот за акцизи.

### III.1.2. Промена на одредиште

20. Испраќачот – овластен држател на акцизен склад за време на движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување, во согласност со член 34 став (11) со примена на модулот EMCS, може да го промени одредиштето на акцизните добра и да наведе ново одредиште.

21. Промена на одредиште може да се направи во следниве случаи:

    – кога настанала промена на договорот и акцизните добра треба да се испорачаат на друг примач или во друг акцизен склад на првиот примач;

    – кога испраќачот – овластен држател на акцизен склад ги враќа акцизните добра назад во складот откако приемот бил целосно или делумно одбиен на одредиштето (порака ЕМ 819).

22. Испраќачот - овластен држател на акцизен склад е должен да ги внесе податоците за новото одредиште во нацрт пораката за промена на одредиштето (ЕМ 813) и истата електронски да ја поднесе во модулот EMCS во СОЦДАД.

    Содржината и структурата на нацрт пораката за промена на одредиште мора да одговара на барањата наведени во Табела 3 од Прилог I кој е составен дел на Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување.

23. Модулот EMCS врши автоматска проверка на податоците наведени во нацрт пораката за промена на одредиштето. Доколку податоците наведени во пораката не се точни, во зависност од видот на грешката, компјутерскиот систем автоматски испраќа една од пораките „грешка во однос на пропишаната спецификација“ (ЕМ906) или „формално неисправна xml порака“ (ЕМ917) во системот на испраќачот – овластениот држател на акцизен склад.

24. Доколку податоците наведени во пораката се точни, Модулот EMCS во СОЦДАД автоматски доделува датум и време на заверка на пораката, како и реден број на пораката за промена на одредиштето и испраќа порака во електронска форма во системот на испраќачот – овластен држател на акцизен склад. Модулот EMCS во СОЦДАД, ја врши исправката на изворниот е-АД во согласност со податоците од пораката за промена на одредиштето.

25. Доколку исправката на е-АД не вклучува нов примач, туку само промена на местото на испорака, Модулот EMCS во СОЦДАД ја испраќа пораката „известување за промена на одредиште“ (ЕМ803) во системот на примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник.

26. Доколку исправката на е-АД вклучува нов примач на акцизните добра, Модулот EMCS во СОЦДАД испраќа порака во електронска форма во системот на „новиот примач" на акцизните добра и го известува примачот кој е наведен во првичниот е-АД за промена на одредиштето со употреба на пораката „известување за промена на одредиште" (ЕМ803) чија содржина и структура мора да одговара на барањата наведени во Табелата 4 од Прилог I кој е составен дел на Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување.

### III.1.3. Откажување на е-АД

27. Испраќачот – овластен држател на акцизен склад во согласност со член 34 став (10) од Законот за акцизите, може да го откаже поднесениот е-АД се додека движењето не е започнато, односно акцизните добра не се испратени од акцизниот склад. Испраќачот е должен да ги пополни соодветните полиња во нацрт пораката „откажување на е-АД" (ЕМ810) и истата да ја поднесе во модулот EMSC во СОЦДАД.

28. Содржината и структурата на нацрт – пораката за откажување на е-АД мора да одговара на барањата наведени во Табела 2 од Прилог I кој е составен дел на Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување.

29. Модулот EMCS во СОЦДАД врши автоматска проверка на нацрт пораката за откажување на е-АД. Доколку податоците наведени во пораката не се точни, автоматски испраќа известување во системот на испраќачот – овластениот држател на акцизен склад. Ако податоците наведени во пораката се точни, автоматски доделува датум и време на заверка на пораката за откажување на движењето и автоматски испраќа известување до системот на испраќачот – овластен држател на акцизен склад и во системот на примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник.

30. Во случаите кога за едно исто движење се креирани два е-АД и едниот треба да се откаже, но тајмерот за започнување на движење истекол, откажувањето на движење го прави царинскиот службеник од Службата кога движењето започнало во акцизен склад или царинскиот службеник од царинската испостава на увоз, кога движењето започнува во царинска испостава на увоз по завршена увозна царинска постапка.

31. Барањето за откажување на погрешен е-АД од точка 30 од ова Упатство се поднесува во писмена форма преку Архивата на Царинската управа до Секторот за акцизи или до царинската испостава на увоз во која започнало движењето заедно со придружни документи за оправданост на барањето. Во барањето се наведуваат податоци за вистинскиот е-АД, кој го придружува движењето на акцизните добра и податоци за причините за откажување на погрешниот е-АД. Како приложени документи за оправданост на барањето можат да се поднесат следните документи во зависност од случајот: копија од царинска декларација за извоз, доказ дека акцизните добра го напуштиле акцизното подрачје (како што е статус на движење во НКТС), извод од материјалната евиденција на испраќачот и на примачот на акцизните добра и слично.

32. Службата ги проверува наводите во барањето и истите може да ги прифати или одбие. Проверката се врши со увид во приложените документи и увид во модулите АКЦИЗИ, УВОЗ и ИЗВОЗ во СОЦДАД, како и во системот НКТС. По потреба, Службата може да иницира и вршење контрола кај подносителот на барањето. Одобрувањето на барањето се врши во скратена управна постапка во форма на забелешка на самото барање од страна на помошникот директор на Секторот за акцизи во случај на движење помеѓу два акцизни складови и движење од акцизен склад до царинска испостава на извоз или од страна на шефот на царинската испостава во случај на движење од царинска испостава на увоз до акцизен склад.

### III.1.4. Упростен е-АД

33. Упростен е-АД се поднесува во согласност со член 34 став (16) од Законот за акцизите во случаите кога движењето на акцизните добра се одвива помеѓу акцизни складови на ист држател. Во овој случај испраќачот на акцизните добра нема обврска да ги пополни рубриките од е-АД наменети за податоци за гаранција.

### III.1.5. Завршување на движењето на акцизни добра

34. Завршувањето на движењето на акцизни добра во постапка на акцизно одложување е пропишано со одредбите на член 34 став (12) од Законот за акцизите. Во согласност со овие одредби примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник е должен во модулот EMCS целосно и правилно да го потврди приемот на акцизните добра со испраќање на пораката за „потврдување на приемот" ЕМ 818 (ако примачот е држател на акцизен склад) или пораката ЕМ 900 (ако примачот е повластен корисник) веднаш, а најдоцна во рок од пет работни денови од приемот на акцизните добра во неговиот акцизен склад или во местото на повластено користење. Под целосно и правилно потврдување на приемот се подразбира потврдување на секое наименување од е-АД.

35. Модулот EMCS во СОЦДАД врши проверка на податоците од пораката за потврда на прием. Доколку податоците не се точни, автоматски испраќа една од пораките „грешка во однос на пропишаната спецификација"(ЕМ906) или „формално неисправна xml порака" (ЕМ917) во системот на примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник. Доколку податоците се точни, автоматски испраќа порака за „потврдување на приемот"(ЕМ818) или (ЕМ 900) во системот на испраќачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник.

36. Со поднесувањето на пораката ЕМ818, акцизните добра автоматски се евидентираат во електронскиот попис на залиха во акцизниот склад, а со испраќањето на пораката ЕМ900, количината на примените акцизни добра автоматски се одзема од одобрената годишна количина на акцизни добра кај овластен држател на акцизен склад или повластениот корисник.

37. Службата од точка 18 на ова Упатство е должна да следи дали движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување е правилно завршено.

38. Доколку со увидот во модулот EMCS се утврди дека во електронските пораки за потврдување на приемот (ЕМ818 и ЕМ900) не е евидентиран кусок или вишок и ако целата испорачана количина на акцизни добра е прифатена од страна на примачот, ќе се смета дека движењето е правилно завршено во системот. Во овој случај примачот во рубриката „општ заклучок за прием" наведува дека „приемот е прифатен и задоволувачки" (шифра 1). е-АД добива статус „испорачано".

Доколку со увидот во модулот EMCS се утврди дека движењето не е завршено заради одбивање или делумно одбивање на пратката од страна на примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник, а кое одбивање е искажано во пораката за електронска потврда на прием, Службата е должна да следи дали испраќачот има поднесено електронска порака за промена на одредиштето (порака ЕМ813) за одбиената количина на акцизни добра и ако утврди дека испраќачот не ја поднел оваа порака, да побара податоци од испраќачот каде навистина се наоѓаат акцизните добра, причината за одбивање или за делумно одбивање, како и податоци за планираното враќање на акцизните добра во акцизен склад или нивно пренапатување на ново одредиште. По потреба Службата може да побара од Одделението за надзор,проверка и координација да изврши и физичка контрола со цел да се утврди каде навистина се наоѓаат акцизните добра и да се обезбеди нивно континуирано следење.

39. Во посебно оправдани случаи, кога во EMCS не постои потврда на прием од причини кои се различни од причините наведени во член 37 од Законот за акцизите (случаи кога СОЦДАД или компјутерскиот систем на трговецот не работи), Службата може да изврши рачно раздолжување на движењето врз основа на алтернативни докази. Посебно оправдани случаи се сметаат случаите кога модулот за контрола на извозот не направил автоматско раздолжување на е-АД со кое се движат акцизни добра од акцизен склад до царинска испостава на извоз.

40. Алтернативен доказ за завршување на движењето во постапка на акцизно одложување, може да биде фактура, испратница, складишница, заедно со извод од евиденцијата на примачот со кои примачот на акцизните добра го потврдил приемот под услов тој документ да ги содржи истите податоци како и пораката за потврда на прием и доколку со тој документ на недвосмислен начин може да се докаже дека движењето во постапка на акцизно одложување е правилно завршено.

41. Барањето за рачно раздолжување на движењето се поднесува во писмена форма преку Архивата на Царинската управа преку Секторот за акцизи до Комисијата од точка 99 на ова Упатство. Комисијата го разгледува барањето и приложените докази за оправданоста во рок од 5 работни дена од денот на приемот. Комисијата за наодот од извршената проверка изготвува Записник на останати образци согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа[3] кој содржи констатација за прифаќање или одбивање на барањето и го доставува до Службата. По потреба Комисијата може да иницира и контрола кај подносителот на барањето.

    Доколку Комисијата го прифати барањето за рачно раздолжување на движењето, Службата врши рачно затворање на движењето во EMCS, а во зависност од ситуацијата, доколку се утврди основ, поведува прекршочна постапка против примачот на акцизните добра.

42. Доколку Комисијата го одбие барањето, односно утврди дека не се исполнети условите за рачно раздолжување на предметниот е-АД и не се доставени соодветни докази за завршување на движењето во постапка на акцизно одложување, ќе се смета дека движењето не е правилно завршено. Во ваков случај Комисијата доставува Записник за утврдената состојба на на Останати образци согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа до Службата. Шефот на службата поведува постапка за пресметка и наплата на акцизата и за истото го известува испраќачот, односно примачот. За пресметката и наплатата на акцизата се носи решение во управна постапка во износ на акциза кој важел на денот на испраќање на акцизните добра од акцизен склад. Решението за наплата на акцизата се изготвува на образец одлуки, решенија и слично согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа и го носи помошник директорот на Секторот за акцизи или од него овластено лице.

### III.1.6. Постапување при откриен кусок или вишок на акцизни добра

43. Во случаите кога е утврден кусок или вишок на акцизни добра и кога е тоа назначено во електронската порака за потврда на приемот (EM818), испраќачот и примачот имаат можност да дадат објаснување за настанатиот кусок или вишок со размена на електронска порака „причини за кусок/вишок“ (EM 871). Примачот на акцизните добра поднесува електронска порака за потврда на прием врз основа на изготвен интерен записник за фактичка состојба во кој се наведени сите факти и околности поврзани со утврдениот кусок или вишок.

44. Во пораката за потврда на приемот се констатира количината на акцизните добра кои се примени на одредиштето, односно евентуалните отстапувања во однос на количината и податоците кои што се наведени во е-АД од страна на испраќачот.

[3] Упатството за изглед и структура на документацијата со сите прилози како интерен акт е објавено во Депозитарот на документацијата согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа.

45. Примачот, доколку и покрај утврдениот вишок или кусок одлучи да ги прими акцизните добра, во потврдата на прием, покрај останатите задолжителни податоци во полето наменето за „општ заклучок на прием" наведуваа дека „Приемот е прифатен иако не е задоволувачки" (шифра 2) и ги пополнува дополнителните рубрики за наименувањето во е-АД во кое е утврден вишок или кусок и тоа:

   - рубрика 7б – индикатор за кусок или вишок,
   - рубрика 7в – утврден кусок или вишок каде се наведува количината на утврдениот кусок, односно вишок во единица мерка за конкретното акцизно добро,
   - рубрика 7.1 а причина за незадоволство каде се наведува причината за незадоволство со одбирање на соодветната шифра на пример: 0 = Друго, 1 = Вишок , 2 = Кусок, 3 = Оштетени добра итн.

   Доколку има дополнителни податоци поврзани со приемот на акцизните добра тие се наведуваат во рубриката 7.1 б, чие пополнување не е задолжително, освен во случаите кога во рубриката 7.1а како причина за незадоволство е наведено „друго".

   Во случаите кога во потврдата на прием, примачот навел кусок односно вишок, испраќачот и примачот имаат можност преку модулот EMCS да поднесуваат дополнителни објаснувања. Во ваков случај откако примачот ќе поднесе потврда на приемот во која е наведен кусок или вишок, испраќачот или примачот објаснувањето го дава со поднесување на пораката „причини за кусок/вишок" (ЕМ871). Со поднесувањето на оваа порака истовремено за причините за кусокот или вишокот се информирани испраќачот/примачот и Службата.

46. Поднесувањето на електронската порака „причини за кусок/вишок" ЕМ 871 не е задолжителна и зависи од одлуката на испраќачот или примачот врз основа на индивидуална проценка на важноста на поднесените информации, односно дали дополнителните објаснувања ќе бидат корисни за утврдување на причините за кусок или вишок од страна на Службата. Овие пораки може да се разменуваат повеќекратно за еден ист е-АД.

   *(Пример: Електронската порака за „причини за кусок/вишок" (ЕМ871) која е поднесена од страна на* ***испраќачот*** *може да содржи информација дека испорачаната количина вистински не одговара на податоците од е-АД.*

   *Електронската порака за „причини за кусок/вишок" (ЕМ871) која е поднесена од страна на* ***примачот*** *може да содржи информации дека дел од акцизните добра кои недостасуваат стигнале после потврдување на приемот или дека кусокот настанал во текот на транспортот).*

47. Во рамките на следењето на движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување потребно е за секое поединечно движење, односно е-АД да се проверат пораките кои се разменуваат со цел да се утврди дали во пораката за потврда на прием е назначен кусок или вишок. Следењето се врши со повикување на „извештај за статус на е-АД" во модулот АКЦИЗИ во СОЦДАД. Во случаите кога во електронската порака за потврда на прием е наведен кусок или вишок и покрај тоа што статусот на е-АД е „испорачано", постапката за утврдување на правилно завршување на движењето се врши надвор од EMCS во рамките на постапувањето на Службата).

   Во случаите кога примачот ќе утврди кусок на акцизни добра и тоа ќе го назначи во електронската порака за потврда на прием (врз основа на претходно изготвен записник), Службата поведува постапка за наплата на акциза ако утврди дека утврдените кусоци не може да се припишат на непредвидливи околности или виша сила, односно не се несомнено поврзани со природата на акцизните добра настанати во текот на транспортот.

48. Службата во постапката на утврдување на оправданоста на кусоците наведени во точка 51 од ова Упатство треба да побара од испраќачот или примачот да достави соодветни документи за предметното движење и да утврди дали настанала обврска за пресметка и плаќање на акциза, како и да го утврди акцизниот должник. Во зависност од околностите ќе побара од Секторот за контрола и истраги да изврши надворешна контрола во акцизниот склад на поаѓање или во акцизниот склад или местото на повластено користење на одредиште.

49. Во случај на целосно уништување или неповратно губење на акцизните добра во постапка на акцизно одложување заради непредвидени околности или пак виша сила, губењето се признава до висината утврдена од страна на надлежниот орган за увид и процена на штета (на пример: полиција, осигурителна компанија или инспекциски орган) при што потребно е да се нагласи дека производите се сметаат за целосно уништени или неповратно изгубени кога повеќе не е можно да се користат како акцизни добра.

50. Во случаите кога губењето на акцизни добра настанато во текот на движењето во постапка на акцизно одложување е несомнено поврзано со природата/особините на акцизните добра, испраќачот е должен наведеното губење да го констатира и на соодветен начин даночно да го евидентира во својата евиденција. Наведениот кусок се смета дека е даночно признат во износ пропишан со Правилникот за нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели[4].

[4] Правилникот за нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели е објавен во Депозитарот за екстерни документи на Интранет порталот на Царинската управа

51. По приемот на акцизните добра на одредиштето, Службата може да ги признае количините кои отстапуваат од количините кои испраќачот ги навел во е-АД и во случаите кога ќе се докаже дека кусокот настанал како последица на погрешен внес при пополнувањето на е-АД (на пример внесен податок 1000, наместо 10.000), или ако е направена оперативна грешка при натовар (на пример ако се натовари помала количина).

52. Во случаите кога примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник ќе утврди вишок на акцизни добра, а за кои ќе одлучи да ги прифати по претходен договор со испраќачот, вишокот го искажува во електронската порака за потврда на приемот (EM818), врз основа на претходно изготвен записник. Акцизните добра кои се искажани како вишок можат да се сместат во акцизниот склад или да се одземат од одобрената количина кај повластениот корисник, под услов и испраќачот и примачот овие добра да ги евидентираат во својата материјална евиденција.

### III.1.7. Постапување во случај на прием на акцизни добра без пропишаната документација

53. Во случаите кога надлежниот царински орган (царинска испостава на увоз кога ќе утврди нераздолжена тежина во увозната царинска декларација, ОКТД или Службата за надзор, проверка и аналитика) ќе утврди незаконско постапување, односно дека примачот примил акцизни добра без пропишаниот административен документ кој треба да ги следи акцизните добра во текот на движењето и дека за нив не е поднесен е-АД, ќе се смета дека акцизните добра се пуштени во потрошувачка. Царинската испостава на увоз е должна за секоја царинска декларација за пуштање во слободен промет каде што во рубриката 37 е употребена шифра 45 да врши проверка на раздолжувањето на тежината. За утврдениот наод, шефот на царинската испостава на увоз изготвува извештај на останати образци согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во царинскта управа и еден примерок доставува до Службата.

54. Шефот на Службата поведува постапка за утврдување на прекршочна одговорност на примачот на акцизните добра и постапка за пресметка и наплата на акциза.

### III.1.8. Прием на акцизни добра кои не се прикажани во е-АД

55. Во случаите кога примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник, наместо акцизните добра кои се опфатени со е-АД кој е поднесен од испраќачот, прими акцизни добра кои не се прикажани во предметниот е-АД поради грешка на испраќачот за време на натоварот на стоката, должен е да постапи на следниот начин:

   1) Доколку примачот во договор со испраќачот одлучи да ги прифати акцизните добра и ако истите му се одобрени во акцизната дозвола или одобрението за повластен корисник може да ги смести акцизните добра во акцизен склад без да пресмета акциза или во местото на повластено користење под услов истото записнички да го констатира и да ги внесе во својата евиденција при што:

- поднесува потврда за прием во EMCS за предметното е-АД во која во рубриката 6б во полето -општ заклучок за прием наведува „приемот е прифатен иако незадоволувачки“, а во рубриката 7б индикатор за кусок за акцизните добра кои се наведени во е-АД и утврдениот кусок, во полето 7в ја наведува целата количина на акцизни добра кои се наведени во е-АД (ако има повеќе наименувања, се наведува за секое наименување поединечно), во рубриката 7.1.а како причина за незадоволство се одбира шифрата „друго“ заедно со образложение во рубриката 7.1.б. Како дополнителни податоци се наведува дека наместо акцизните добра кои се наведени во е-АД, примени се акцизни добра од _______, во количина од _______.,
- без одлагање должен е да ја извести Службата и да ја достави целата релевантна документација за конкретната пратка.

2) Ако примачот одбие да ги прифати акцизните добра затоа што не одговараат на нарачката, должен е:

- да поднесе порака за потврда за прием во EMCS за предметниот е-АД во која: во рубриката 6б наведува општ заклучок за прием: „приемот е одбиен“, во рубриката 7д ја внесува одбиената количина, односно целата количина на акцизни добра наведени во е-АД (доколку во е-АД има повеќе наименувања се наведува поединечно за секое наименување). Во рубриката 7.1.а како причина за незадоволство ја внесува шифрата „друго“, а во рубриката 7.1.б наведува образложение. Дополнителни податоци кои се внесуваат се дека наместо акцизните добра наведени во е-АД се испорачани акцизни добра со национален код на производ__________ во количина од __________.
- без одлагање да го извести надлежниот царински орган – Служба за координација и врски (EMCS)

56. Доколку Службата утврди дека се работи за грешка на испраќачот во моментот на натовар на стоката, му дава насоки на испраќачот – држател на акцизен склад да поднесе порака за промена на одредиште во EMCS со цел да се вратат акцизните добра во акцизниот склад на испраќање.

57. Без оглед на погоре наведеното, Службата во своето постапување секогаш ги зема во предвид околностите на конкретниот случај.

### III.1.9. Постапување при прием на акцизни добра без е-АД

58. Доколку во акцизниот склад на примачот или на местото на повластено користење пристигне пратка со акцизни добра без испечатен примерок од е-АД, а за тоа примачот без одлагање ја известил Службата, самостојниот советник/советник во Службата - е должен да провери дали испраќачот во EMCS има поднесено е-АД:

-Доколку се утврди дека испраќачот поднел е-АД, се смета дека акцизните добра се наоѓаат во постапка на акцизно одложување и за примачот не настанува обврска за пресметка и плаќање на акцизата. Шефот на Службата поведува постапка за утврдување на прекршочна одговорност согласно член 119 став 1 точка 7 од Законот за акцизите против испраќачот, затоа што ги движел акцизните добра без испечатен примерок од е-АД.

-Доколку се утврди дека испраќачот не поднел е-АД, а примачот ги прифатил акцизните добра кои ги нарачал за да ги смести во акцизен склад и ги внесол во својата евиденција, за примачот не настанува обврска за пресметка и плаќање акциза, односно не настанува акцизен долг. Шефот на Службата против испраќачот поведува постапка за утврдување на прекршочна одговорност .

-Шефот на Службата поведува постапка за утврдување на прекршочна одговорност против испраќачот на акцизни добра во случаите кога ќе се утврди дека испраќачот не поднел е-АД, а примачот не ја прифаќа пратката со акцизни добра, затоа што истите не ги нарачал. Доколку се утврди дека акцизните добра не се вратени во акцизниот склад на испраќачот, шефот на Службата поведува постапка за утврдување и наплата на акцизата од испраќачот.

## III.2. ДВИЖЕЊЕ НА АКЦИЗНИ ДОБРА ОД АКЦИЗЕН СКЛАД ДО МЕСТОТО КАДЕ АКЦИЗНИТЕ ДОБРА ЈА НАПУШААТ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ИЗВОЗ)

### III.2.1. Почеток на движењето

59. Согласно одредбите на член 32 став (1) точка 3) од Законот за акците, ацизните добра се движат во постапка на акцизно одложување во случаите кога се испраќаат од акцизен склад до царинска испостава на извоз. Движењето на акцизните добра започнува во моментот кога акцизните добра се испраќаат од акцизниот склад на испраќачот – овластен држател на акцизен склад.

60. Испраќачот е должен пред испраќање на акцизните добра од акцизниот склад да поднесе нацрт е-АД во согласност со одредбите на член 34 став (1) и (3) од Законот за акцизите. Во спротивно, доколку акцизните добра пристигнат во царинската испостава на извоз без е-АД, како и во случаите кога е-АД е дополнително поднесен, царинската испостава на извоз е должна да поведе постапка за утврдување на прекршочна одговорност. Постапка за пресметка и наплата на акцизата не се поведува ако се утврди дека се исполнети сите формалности на постапката за извоз.

61. Постапувањето при движење на акцизни добра наменети за извоз зависи од местото на кое се спроведува извозната постапка и тоа:

– постапка на царинење во царинска испостава на извоз и

– локално царинење.

62. Испраќачот – овластен држател на акцизен склад поднесува нацрт е-АД во модулот EMCS, пополнет согласно прилог I од Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување.

63. По извршената формална проверка и валидирање на е-АД, модулот EMCS автоматски му испраќа на испраќачот на акцизните добра е-АД со доделен ЕАРБД како потврда за движење во системот на акцизно одложување, после што акцизните добра може да се испратат до царинската испостава на извоз заедно со испечатен примерок од е-АД или друг комерцијален документ кој го содржи ЕАРБД.

64. Декларантот пред пополнување на извозната декларација мора да го добие ЕАРБД од држателот на акцизен склад на испраќање и да го внесе во рубрика 40 (претходен документ) од извозната декларација на следниов начин: Тип Z, код AAD, ЕРБД (21 карактер) и 3 броеви кои се однесуваат на бројот на наименување со нули од левата страна (пр.001). Правилото за EMCS предвидува дека само една вредност на ЕАРБД може да се употреби во едно наименување како „претходен документ". Повеќе движења во EMCS, односно повеќе е-АД можат да бидат опфатени со една извозна декларација, но за акцизните добра кои се движат со еден е-АД не може да бидат поднесени повеќе извозни декларации. Секое наредно наименување мора да соодвестува со приложениот е-АД, така што во податокот за претходен документ се додава бројот на наименување од е-АД (пример 001, 002....).

65. Доколку модулот за контрола на извозот во СОЦДАД ја одбие извозната декларација, испраќачот/декларантот може да поднесе нова извозна декларација со корегирани податоци, да го откаже движењето или да го смени одредиштето.

66. Еднаш поднесен е-АД не може да се употреби во две извозни декларации во случај на грешка во извозна декларација. Во ваков случај испраќачот е должен да го откаже е-АД и да поднесе нов доколку времето на тргнување не е истечено или да поднесе порака за промена на одредиште во која како ново одредиште ќе го наведе акцизниот склад на испраќање или друг акцизен склад.

### III.2.2. Потврдување на приемот

67. Доколку податоците во рубриката 40 од извозната царинска декларација се правилно пополнети, системот за контрола на извоз врши автоматска споредба на податоците од извозната царинска декларација (Порака CC515) со податоците од е-АД (порака EM801) кој е запишан во рубриката 40 според следните критериуми: шифра на царинската испостава на извоз од рубриката 8 на е-АД и царинската испостава на извоз наведена во царинската декларација, тарифната ознака и нето тежината по наименувања.

68. Резултатот од вкрстената проверка на податоците може да биде позитивен или негативен.

1) Кога резултатот од проверката е позитивен, Системот за контрола на извозот и доделува на извозната декларација референтен број на движење (MRN),

– Доколку резултатот од проверката на извозната декларација (документарно/физички) е позитивен (модулот EMCS не наоѓа неусогласеност во податоците кои се предмет на вкрстената проверка), царинскиот службеник ја пушта стоката за извоз и акцизните добра ги упатува до царинската испостава на излез. Позитивната проверка во царинската испостава на извоз резултира со креирање на порака за очекување на излез (порака CC501) во модулот за контрола на извоз и врз основа на оваа порака модулот EMCS креира известување за прифаќање на извозот (порака EM829) и му ја испраќа на испраќачот на акцизните добра. Статусот на е-АД се менува од „прифатено за извоз" во „извезено". До царинската испостава на излез акцизните добра се движат со испечатен примерок од е-АД или друг комерцијален докумет кој го содржи ЕАРБД.

– Во случаите кога резултатот од проверката на извозната царинска декларација (документарна/физичка) е негативен, извозот се одбива, испраќачот – овластен држател на акцизен склад преку модулот EMCS поднесува порака за промена на одредиште и наведува ново одредиште кое може да биде акцизниот склад на поаѓање (враќање на акцизните добра) или друг акцизен склад. Откако ќе биде извршена електронска проверка на податоците во нацрт пораката за промена на одредиште и ако податоците се исправни и валидирани во EMCS, царинскиот службеник може да дозволи акцизните добра да се вратат во акцизниот склад, односно на новото одредиште.

2) Во случаите кога резултатот од вкрстената проверка е негативен, извозот се одбива. Системот за контрола на извозот го известува декларантот и EMCS за одбивање на пратката со пораката CC516. Во ваков случај испраќачот односно декларантот може да поднесе нова извозна декларација со правилни податоци (порака CC515) со повикување на новиот е-АД, после што системот врши повторна вкрстена проверка. Доколку резултатот од вкрстената проверка е позитивен, царинскиот службеник ја пушта стоката во извоз и акцизните добра ги пренапатува до царинската испостава на излез. Доколку испраќачот се откаже од извозот должен е преку EMCS да го промени одредиштето и да го наведе новото одредиште кое може да биде акцизниот склад на испорака или друг акцизен склад или место на повластено користење.

69. Во постапката на извоз, царинската испостава за извоз го потврдува извозот на акцизни добра врз основа на потврда од надлежната царинска испостава на излез за вистинското напуштање на акцизните добра од царинското подрачје на Република Северна Македонија. Модулот за контрола на извозот во СОЦДАД за тоа испраќа порака во електронски облик во системот на испраќачот – овластен држател на акцизен склад. Во модулот EMCS автоматски се креира порака за потврдување на приемот (EM818) и е-АД добива статус „испорачано".

70. Содржината и структурата на пораката за потврдување на приемот, односно потврдување на извозот мора да ги исполнува барањата наведени во Табела 5 од Прилог I кој е составен дел на Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување.

### III.2.3. Рачно раздолжување на е-АД

75. При извоз на акцизните добра може да не се изврши автоматска вкрстена проверка помеѓу модулите EMCS и модулот за контрола на извозот од следниве причини:

- во рубриката 40 на извозната царинска декларација не е впишан ЕАРБД како претходен документ и бројот на наименување или
- рубриката 40 е погрешно пополнета или
- податоците за е-АД како претходен документ се наведени во рубриката 44 на извозната декларација.

Во ваков случај царинскиот службеник во царинската испостава на извоз врши проверка дали се работи за движење на акцизни добра во системот на акцизно одложување (испраќање од акцизен склад) и постапува на следниот начин:

- Доколку утврди дека се работи за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување ќе побара од декларантот да достави податок за ЕАРБД и истиот ќе го пронајде во модулот EMCS и ќе направи споредба на податоците наведени во е-АД и во извозната царинска декларација. Доколку резултатот од проверката е позитивен во рубриката 44 од извозната декларација го впишува ЕАРБД (ако претходно не е впишан) и ги пушта предметните акцизни добра во извоз. По излегување на акцизните добра од акцизното подрачје и откако извозната царинска декларација ќе добие статус „излезено", царинскиот службеник во царинската испостава на извоз рачно го раздолжува предметниот е-АД. Во полето за дополнителни податоци го внесува референтниот број на извозната царинска декларација. Статусот на е-АД се менува од „извезено" во „испорачано".

76. Доколку Службата во рамките на следењето на движењето на акцизните добра утврди дека постојат отворени движења со статус „прифатено за извоз" или пак е известена од страна на акцизниот обврзник за истото, должна е да побара од овластениот држател на акцизен склад да ја достави целосната документација со која акцизните добра го напуштиле акцизното подрачје (извозна царинска декларација и други докази за завршување на движењето во модулот за контрола на извоз во СОЦДАД со кои се потврдува дека акцизните добра го напуштиле акцизното/царинското подрачје кои може да бидат царинска декларација, товарен лист и фактура заверени од страна на царинскиот орган на излез или увозна декларација, товарен лист и фактура заверени од страна на царинскиот орган во земјата на увоз).

77. Врз основа на доставената документација Службата испраќа барање до царинската испостава на извоз за дополнителна проверка на доставената документација и вкрстена проверка на податоците во е-АД и извозната царинска декларација, како и статусот на извозната царинска декларација.

78. Царинската испостава на извоз врши проверка со цел да се утврди дали податоците во е-АД се идентични со податоците во извозната царинска декларација при што посебно треба да се утврди истоветноста на следните податоци: опис на акцизното добро во е-АД и опис на стоката во извозната царинска декларација, тарифната ознака во извозната царинска декларација и е-АД и нето тежината/нето маса. Царинската испостава на извоз има обврска исто така да го провери статусот на извозната царинска декларација во системот за контрола на извоз (дали статусот на царинската декларација е „излезено"). После извршената проверка на документацијата и вкрстената проверка на податоците, кога ќе се утврди дека постапката во системот за контрола на извоз е правилно завршена и дека акцизните добра го напуштиле царинското/акцизното подрачје, но не дошло до автоматско поврзување на EMCS и Системот за контрола на извоз, царинскиот службеник во царинската испостава на извоз го завршува движењето на акцизните добра во EMCS. Во потврдата за извоз во EMCS, царинскиот службеник ги внесува следните податоци: датум на излез, општ заклучок за прием „излезот прифатен и задоволувачки", а во рубриката за дополнителни податоци го запишува РБД на извозната царинска декларација со која акцизните добра се извезени. После ова статусот на е-АД се менува во „испорачано".

79. Доколку не дојде до ослободување на гаранцијата, Службата врши рачно ослободување.

## III.3. ДВИЖЕЊЕ НА АКЦИЗНИ ДОБРА ОД ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА УВОЗ ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА

### III.3.1. Почеток на движењето

80. Движењето на акцизни добра во постапка на акцизно одложување од царинска испостава на увоз после завршувањето на постапката на увозното царинење до акцизен склад или до место на повластено користење се пропишани со одредбите на член 32 став (2) точка 4) и став (3) од Законот за акцизите.

81. Основното правило во случаите кога акцизните добра после завршувањето на постапката на увозно царинење се внесуваат во акцизен склад или во место на повластено користење, движењето во постапка на акцизно одложување да се одвива со испечатен примерок од е-АД и царинската декларација поднесена во електронска форма во СОЦДАД или врз основа на соодветниот запис во книговодствената евиденција ако држателот на акцизен склад или повластениот корисник имаат одобрение за примена на поедноставени постапки со обврска за потврдување на приемот и дополнително доставување на декларација.

82. Исто така движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување е дозволено врз основа на запис од книговодствената евиденција кога акцизните добра се пренесуваат во акцизен склад или место на повластено користење од одобрена локација за ставање на увид со користење на поедноставени постапки, со обврска за потврдување на приемот и дополнително доставување на декларација.

### III.3.2. Пополнување на увозната царинска декларација за акцизни добра кои се внесуваат во акцизен склад или во место на повластено користење по завршување на постапка на увозно царинење

83. Увозникот кој има намера да ги внесе во акцизен склад или во место на повластено користење акцизните добра после завршување на постапката на увозно царинење, поднесува увозна декларација пополнета во согласност со Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат[5]. При пополнувањето на царинската декларација се наведуваат специфичностите на пополнувањето на некои рубрики и тоа:

- рубрика 37-прва подрубрика – барана царинска постапка се пополнува со шифрата 45,
- рубрика 37- втора подрубрика – дополнителна шифра за постапка: F60 кога акцизните добра се внесуваат во акцизен склад и F65 кога акцизните добра се внесуваат во место на повластено користење,
- рубрика 44-втора подрубрика – приложени документи/одобренија се внесува бројот на акцизната дозвола или одобрението за повластен корисник.

84. Доколку акцизните добра биле ставени во некоја претходна постапка согласно царинските прописи, тогаш рубриката 37- прва подрубрика се пополнува во согласност со претходно избраната царинска постапка (пример 4551, 4553 итн.).

85. Доколку акцизните добра биле сместени во царински склад, во царинската декларација во рубриката 37 - прва подрубрика се внесува шифрата 4571, а во втората подрубрика се внесува една од дополнителните шифри F60 или F65.

86. После завршување на постапката на увозно царинење, царинскиот службеник проверува дали за акцизните добра е поднесен е-АД и дали во царинската декларација е извршено правилно радолжување на стоката.

[5] Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат со сите измени и дополнувања, како екстерни акти се објавени во Депозитарот за екстерни документи на Интранет порталот на Царинската управа

### III.3.3. Пополнување на е-АД после завршување на постапката на увозно царинење

87. Предуслов за поднесување на е-АД после извршеното увозно царинење е царинската декларација да биде во статус „увезена". Доколку царинската декларација е во статус „финализирана", или било кој друг статус, е-АД нема да може да се поднесе. После извршениот увоз е-АД поднесува увозникот на акцизните добра, кој истовремено е држател на акцизен склад или повластен корисник на акцизни добра. Во е-АД, во податоците за раздолжување потребно е да се внесе референтниот број на царинската декларација, бројот на наименување и количината која се раздолжува. Доколку за конкретните акцизни добра е предвидена и дополнителна единица мерка (кога единица мерка во Царинската тарифа е предвидена единица мерка различна од единицата мерка пропишана во Законот за акцизите), во овој дел од е-АД се внесува количината од царинската декларација, додека количината од дополнителната единица мерка за даночни цели се внесува во групата податоци кои се однесуваат на количината која се внесува во акцизниот склад или местото на повластено користење.

88. По поднесениот е-АД (порака ЕМ801), модулот EMCS врши автоматска контрола која опфаќа вкрстена проверка на следните податоци од увозната декларација во е-АД:

- тарифна ознака
- нето тежина
- единица мерка и
- количина.

89. Ако резултатот од вкрстената проверка е позитивен (модулот EMCS не наоѓа неусогласеност во податоците кои се предмет на вкрстената проверка), е-АД добива ЕАРБД. Истовремено во модулот увоз се раздолжува тежината од увозната царинска декларација која претходно била задолжена со примена на шифрата 45 (F60/ F65) во рубриката 37. Царинскиот службеник во царинската испостава на увоз е должен секоја царинска декларација за која е применета шифрата на постапка 45 F60/F65 да провери во рубриката „податоци за раздолжување" од увозната декларација дали е поднесен е-АД и да побара од декларантот да достави печатен примерок од е-АД, кој се приложува кон документацијата за конкретната царинска декларација. Акцизните добра не смеат да го напуштат местото на увозно царинење без да биде приложен печатен примерок од е-АД.

90. Доколку резултатот од вкрстената проверка е негативен (податоците кои се предмет на вкрстена проверка во увозната декларација и е-АД не се усогласени), модулот EMCS ќе го отфрли нацрт е-АД (порака ЕМ815), при што во системот на трговецот ќе се добие генеричка порака за отфрлање на документот (ЕМ704), а нацрт е-АД ќе добие статус „нема". Во ваков случај треба да се поднесе нов е-АД со правилни податоци.

### III.3.4. Завршување на постапката

91. После пристигнувањето и истоварот на акцизните добра во акцизниот склад или во местото на повластено користење, увозникот кој е истовремено држател на акцизен склад или повластен корисник е должен веднаш, а најдоцна во рок од пет дена од приемот преку EMCS да го потврди приемот со испраќање на пораката за потврдување на приемот EM818.

92. Во пораката за потврда на приемот се констатира количината на акцизните добра кои се примени на одредиштето, односно евентуалните отстапувања во однос на количината и податоците кои што се наведени во е-АД, со повикување на секоја шифра на национален код на производ поединечно. Во рубриката 5а „царинска испостава на одредиште" се внесува шифрата на надзорната царинска испостава на одредиште (МК009000).

93. Примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник го потврдува приемот на акцизните добра и со заверка на печатениот примерок од царинската декларација и во рок од 5 дена е должен да го врати во царинската испостава на увозно царинење.

94. Доколку царинската испостава на увоз не прими заверен примерок на увозната декларација од страна на држателот на акцизен склад /повластениот корисник или со увидот во системот утврди дека движењето во постапка на акцизно одложување не е завршено, должен е да ја извести Службата и да побара информација дали движењето е завршено.

95. По приемот на ова известување/барање, Службата на држателот на акцизен склад/повластениот корисник му испраќа покана за доставување на докази за завршување на движењето во постапка на акцизно одложување на образец на надворешна комуникација согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа за што му определува рок од најмногу 5 (пет) дена.

96. Доколку примачот на акцизни добра (држателот на акцизен склад/повластениот корисник) достави соодветен доказ (запис во EMCS, заверена копија од царинската декларација), Службата составува службена белешка на останати образци со која потврдува дека после завршувањето на постапката на пуштање во слободен промет, правилно е завршено движењето во постапка на акцизно одложување и дека акцизните добра се внесени во акцизниот склад/местото на повластено користење и ги информира примачот за прифаќање на доказот за правилно завршување на постапката на образец на надворешна комуникација и царинската испостава каде што е завршена постапката на увозно царинење заедно со доставените докази на образец за интерна комуникација согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа.

97. При спроведување на постапката на утврдување на правилно завршување на постапката на движење, Службата исто така треба да утврди дали се исполнети условите за поведување на постапка за утврдување на прекршочна одговорностсогласно член 119 став (1) точка 8) од Законот за акцизите.

98. Доколку примачот на акцизните добра (држателот на акцизен склад/повластениот корисник) во определениот рок не ги достави бараните докази или воопшто не доставил докази за завршување на движењето во постапка на акцизно одложување ќе се смета дека движењето не е правилно завршено, односно дека акцизните добра се пуштени во промет во согласност со член 8 став (2) точка 1) од Законот за акцизите. Во ваков случај Службата составува службена белешка/записник за утврдената фактичка состојба на останати образци и ги известува примачот на акцизните добра и царинската испостава на увоз. Царинската испостава на увоз поведува постапка за наплата на акцизата во согласност со царинските прописи и поведува барање за утврдување на прекршочна одговорност.

## IV. КОМИСИЈА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНИ АЛТЕРНАТИВНИ ДОКАЗИ ВО EMCS

99. Комисијата за постапување по поднесени алтернативни докази во EMCS ( во понатамошниот текст Комисијата) ја формира директорот на Царинската управа по предлог на помошникот директор на Секторот за акцизи. Комисијата е составена од претседател и двајца царински службеници од Секторот за акцизи и по еден царински службеник од секоја царинарница и нивни заменици, со мандат од една година.

100. Царинските службеници од царинарниците учествуваат во работата на комисијата само во случаите кога поднесените барања се поврзани со увоз или извоз, согласно нивната месна надлежност.

101. Комисијата од точка 99 од ова Упатство ги разгледува поднесените барања и одлучува по истите во рок од пет работни дена од датумот на прием.

102. При разгледување на поднесеното барање, Комисијата врши увид во приложената документација која вклучува и изводи од сметководствените записи од евиденцијата на акцизниот обврзник. За извршениот увид е должна да состави еден од записниците од точки 41 и 42 на ова Упатство во зависност од наодот, кој го потпишуваат најмалку тројца членови од Комисијата. Во Записникот од извршена проверка, Комисијата го наведува наодот од извршената проверка и утврдува дали се исполнети условите за прифаќање на приложените алтернативни докази или истите се одбиваат.

103. Записникот се доставува до Службата и до надлежната царинска испостава на увоз кога движењето на акцизни добра започнало во увозна царинска испостава. Копија од записникот се доставува и до помошникот директор на Секторот за акцизи и доколку се работи за основано сомневање за сторено кривично дело до Секторот за контрола и истраги.

104. По добивањето на записникот, Службата изготвува соодветен управен акт – решение со кое во зависност од наодот на Комисијата се прифаќаат алтернативните докази или истите се одбиваат. Решението го носи помошник директорот на Секторот за акцизи на образец одлуки и решенија согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа.

105. Доколку алтернативните докази се прифаќаат, надлежниот царински службеник во Службата врши рачно раздолжување на предметниот е-АД, со бирање на табот „дејства" на одредиште, при што избира опција **„рачно затворање на е-АД"** а копија од решението доставува и до надлежната царинска испостава на увоз кога движењето на акцизни добра започнало во увозна царинска испостава.

106. Доколку алтернативните докази не се прифаќаат, Службата изготвува решение за одбивање на алтернативните докази на образец одлуки и решенија и започнува постапка на наплата на акцизниот долг кое го доставува до акцизниот обврзник и поведува барање за утврдување на прекршочна одговорност.

107. Надлежниот царински службеник од Службата во модулот EMCS во СОЦДАД врши прекинување на конкретниот е-АД со бирање на табот „дејства" при што на појдовната испостава ја одбира опцијата **„прекини е-АД"**. Копија од решението се доставува и до царинската испостава на увоз или извоз во зависност каде започнало движењето.

## V.АКЦИЗНИ ДОБРА ЗА КОИ НЕ СЕ ПРИМЕНУВА СИСТЕМОТ ЗА ДВИЖЕЊЕ И КОНТРОЛА НА АКЦИЗНИ ДОБРА

108. Општите правила за контрола на движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување во EMCS, како и одредбите за акцизен склад не се применуваат на електричната енергија, природниот гас, како и јагленот, коксот, лигнитот и нафтениот кокс (во понатамошниот текст – цврсти горива).

109. Постапката за движење утврдена со точка 16 од ова Упатство не се применува за движење на природен гас и електрична енергија.

### V.1. Движење на нафтен кокс после извршен увоз

110. Согласно одредбите од членот 94 од Законот за акцизите, нафтениот кокс како акцизно добро не е предмет на следење и контрола на движењето во постапка на акцизно одложување. При увоз, по завршување на постапката за увоз кога увозникот е имател на Одобрение за акцизен обврзник за нафтен кокс или е имател на Одобрение за повластен корисник за нафтен кокс, движењето на нафтениот кокс се одвива без користење на е-АД.

111. Увозникот, имател на Одобрение за акцизен обврзник за нафтен кокс или имател на Одобрение за повластен корисник за нафтен кокс, по завршување на увозната постапка и плаќање или обезбедување на увозните давачки, на превозникот треба да му доставaт испечатен примерок од увозната царинска декларација во која во рубрика 44 е наведен бројот на одобрението за акцизен обврзник за нафтен кокс или бројот на одобрението за повластен корисник за нафтен кокс.

112. Во случај на увоз на нафтен кокс од страна на имател на одобрение за акцизен обврзник на нафтен кокс од членот 114 од Законот за акцизите, во рубрика 37 – постапка, првата подрубрика се пополнува со шифрата 40xx, а втората подрубрика се пополнува со шифрата F60. Кога увозникот на нафтениот кокс е и имател на одобрение за повластено користење на нафтен кокс, во рубрика 37 првата подрубрика се пополнуваат со шифрата 40xx, а втората подрубрика се пополнува со шифрата F65. Во рубриката 44 – дополнителни информации, приложени документи, потврди и одобренија се внесува бројот на издаденото одобрение.

## VI. СЛУЧАИ КОГА СЕ ПРИМЕНУВА ПОСТАПКАТА НА ДВИЖЕЊЕ НА АКЦИЗНИ ДОБРА ВО ПОСТАПКА НА АКЦИЗНО ОДЛОЖУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧОК

113. Согласно член 55 став (4) од Законот за акцизите, по исклучок, повластениот корисник на акцизни добра во случаите на престанување на важност на одобрението за повластен корисник може да поднесе е-АД за акцизните добра кои ги враќа во акцизен склад по претходна согласност од надлежниот царински орган.

114. Согласно член 67 став (6) од Законот за акцизите, во случај на извоз на пиво произведено од мала независна пиварница, по барање на малата независна пиварница надлежниот царински орган ќе овозможи поднесување на е-АД согласно одредбите со кои е уредено движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување. Малата независна пиварница е должна да го извести надлежниот царински орган и да достави податоци за извоз на пивото во постапка на акцизно одложување најдоцна седум дена пред испраќањето.

115. Согласно член 69 став (4) од Законот за акцизите, во случај на извоз на вино произведено од мал производител на вино за комерцијални цели, по поднесено барање надлежниот царински орган ќе овозможи поднесување на е-АД согласно одредбите со кои е уредено движењето на акцизните добра во постапка на акцизно одложување. Малиот производител на вино за комерцијални цели е должен да го извести надлежниот царински орган и да достави податоци за извоз на виното во постапка на акцизно одложување најдоцна седум дена пред испраќањето.

## VII. ПРИМЕНА НА РЕЗЕРВНА ПОСТАПКА

116. Резервната постапка може да се примени во два случаи: кога СОЦДАД е во прекин повеќе од два часа и кога компјутерскиот систем на трговецот е во прекин.

117. Во случај на прекин на СОЦДАД, движење во резервна постапка одобрува Секторот за акцизи и ги известува сите царински испостави, Одделението Дежурен царински центар, Секторот за информатички и комуникациски технологии и објавува соопштение на интернет страната на Царинската управа.

118. Во случај на прекин на компјутерскиот систем на трговецот, Секторот за акцизи поединечно одобрува движење во резервна постапка во зависност од случајот.

## VII.1. Формалности пред започнување на движењето

119. Испраќачот на акцизните добра е должен пред почетокот на движењето писмено да го извести надлежниот царински орган (по електронска пошта или да достави на барање во хартиена форма) за причините за недостапност на компјутерскиот систем и предвидено време за отстранување на дефектот. Известувањето се доставува до:

- појдовната царинска испостава доколку движењето се одвива од царинска испостава на увоз до акцизен склад или место на повластено користење,
- Секторот за акцизи во работно време (понеделник – петок од 07:30 – 16:30 часот ) или
- Одделението Дежурен царински центар доколку движењето се одвива надвор од работното време на Секторот за акцизи.

120. Хартиениот административен документ се поднесува во пропишана форма на образец А за испраќање, образец Б за промена на одредиште и Образец В за потврдување на приемот, кои се составен дел на Правилникот за движење на акцизни добра во постапка на акцизно одложување.

121. Секторот за акцизи – Службата откако ќе утврди дека се исполнети условите за започнување на движењето во резервна постапка му издава на испраќачот референтен број на одложено поднесување кој е претходно генериран во модулот EMCS во СОЦДАД. Референтниот број се доделува последователно од извештајот за референтни броеви за движење во резервна постапка.

122. Извештајот за референтните броеви за движење во резервна постапка во модулот EMCS ги генерира Службата за координација и врски (EMCS) и истиот содржи најмаку 10 резервни броеви. Надлежниот царински службеник од Службата, царинската испостава на увоз или Одделението Дежурен царински центар во зависност од местото на поаѓање или времето, доделува референтен број на движење последователно од генерираниот извештај со одбирање на конкретниот број и доделување на испраќачот на акцизните добра. Доделувањето се врши со селектирање на бројот, бирање на копчето assignee и внесување на даночниот број на испраќачот.

123. Откако е-АД ќе биде поднесено и ќе го замени хартиениот административен документ, соодветното поле во извештајот автоматски се пополнува.

124. Движењето кое започнало во резервна постапка може да се заврши во EMCS. Исто така движењето кое започнало во EMCS може да се заврши во резервна постапка.

## VII.2. Постапување со хартиениот административен документ

125. Образецот А се употребува за започнување на движењето. При движење на акцизните добра од еден во друг акцизен склад или од акцизен склад до повластен корисник хартиениот административен документ се пополнува во три примероци од кои испраќачот еден примерок задржува за себе, а два примероци од документот го пратат акцизното добро до доставување на примачот. Примачот по приемот на акцизните добра е должен да ги овери двата примероци, да задржи еден примерок во својата евиденција, а еден оверен примерок да му ги врати на испраќачот. Испраќачот е должен оверениот примерок да го достави до Царинската управа.

126. При движење на акцизните добра во постапка на извоз хартиениот административен документ се пополнува во четири примероци од кои еден примерок задржува испраќачот, а трите примероци кои ги следат акцизните добра во текот на транспортот се доставуваат до царинската испостава каде се врши извозното царинење. Царинската испостава на извоз ги заверува трите примероци и еден примерок задржува во својата евиденција, а два заверени примероци му враќа на испраќачот. Двата примероци го следат движењето до царинската испостава на излез од акцизното подрачје. Царинската испостава на излез ги заверува двата примероци од документот и еден примерок и враќа на царинската испостава на извоз. Копија од оверениот административен документ се доставува до Секторот за акцизи преку ЕДМС.

127. При движење на акцизните добра во постапка на акцизно одложување од царинска испостава на увоз до акцизен склад или повластен корисник, хартиениот административен документ го пополнува увозникот-примач (имател на акцизна дозвола или имател на одобрение за повластен корисник) во три примероци и го поднесува до царинската испостава на увоз после завршувањето на увозното царинење. Царинската испостава го заверува административниот документ, еден примерок задржува во својата евиденција, а два заверени примероци го следат движењето на акцизните добра до одредиштето. Примачот по приемот на акцизните добра ги заверува двата примероци од административниот документ, задржува еден примерок во својата евиденција, а еден заверен примерок го доставува до царинската испостава каде започнало движењето. Царинската испостава по извршената проверка доставува копија од административниот документ до Секторот за акцизи преку ЕДМС.

128. Пред започнување на движењето надлежниот царински орган на хартиениот административен документ му доделува ЕРБД (единствен референтен број на движење/одложено поднесување) кој е претходно генериран од модулот EMCS во СОЦДАД и истиот мора да се запише на образецот А и подоцна да се внесе во е-АД, кога компјутерскиот систем повторно ќе биде достапен.

129. Кога СОЦДАД или компјутерскиот систем на испраќачот повторно ќе биде достапен, испраќачот е должен веднаш да поднесе нацрт е-АД во редовна постапка. Податоците кои се внесуваат во системот мора да соодвестуваат со податоците наведени во хартиениот административен документ.

130. За промена на одредиште се користи Образецот Б. Во случаите кога испраќачот во текот на движењето на акцизните добра го менува одредиштето должен е пред промената на одредиштето да го извести надлежниот царински орган и да достави примерок од хартиениот административен документ кој ги содржи истите податоци како и пораката во електронски облик за промена на одредиштето и се поднесува на истиот начин како што е опишано во точките 125-127. Кога СОЦДАД и/или компјутерскиот систем на испраќачот повторно ќе биде достапен, се поднесува електронски во системот.

131. Потврдувањето на приемот се врши на Образецот В. Во случаите кога компјутерскиот систем на примачот и/или СОЦДАД е недостапен, така што примачот – овластен држател на акцизен склад или повластен корисник не е во можност да испрати порака за потврда на приемот должен е најдоцна по истекот на петтиот работен ден од денот на приемот на акцизните добра да му поднесе на надлежниот царински орган документ во хартија во два примероци, кој ќе ги содржи истите податоци како и потврдата за прием на акцизни добра со кој ќе потврди дека движењето е завршено.

132. Службата еден заверен примерок од документот му испраќа на испраќачот – овластен држател на акцизен склад.

133. Доколку при завршување на извозната постапка компјутерскиот систем на примачот и/или СОЦДАД не е достапен, заради што не е можно да биде потврден приемот електронски, надлежниот царински службеник во царинската испостава на извоз/излез каде што акцизните добра го напуштаат акцизното подрачје му испраќа на испраќачот – овластен држател на акцизен склад, хартиен документ кој ги содржи истите податоци како и потврдата за извоз и на тој начин потврдува дека движењето на акцизни добра во постапка на акцизно одложување е завршено.

## VIII. КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕТО ВО EMCS

### VIII.1. Пребарување на извештај за статус на е-АД

134. Контролата на движењето на акцизните добра преку EMCS се одвива преку повикување на **извештајот за статус на е-АД** во модулот EMCS. Во извештајот се поставени различни критериуми за пребарување на е-АД, при што како резултат од пребарувањето системот креира табела со податоци.

## VIII.2. Следење и контрола на е АД - EMCS Follow-up

135. Овој извештај нуди повеќе функционалности за надлежните царински службеници и тоа:
   - Прекинување на е-АД и пребарувања на прекинат е-АД. Прекинување на е-АД, може да се направи во случај ако се откријат сериозни прекршувања на прописите врз основа на поднесен извештај за настан или извештај од контрола и се одлучи дека движењето не може да продолжи. Прекинувањето на движењето може да вклучи и одземање на акцизните добра кои се предмет на движење. Движењето може да го прекине само надлежниот царински службеник кој ја открил неправилноста и кој го пополнил соодветниот извештај.
   - Поднесување и пребарување на извештај за настан (Event report). За време на движењето може да се случат поголеми или помали настани како што е дефект на возилото, губење на придружниот документ или губење на стоките и друго. Доколку лицето кое ги превезува стоките не е во можност да го пријави настанот, истото може да го направи било кое лице (вклучувајќи и полициски извештај или извештај од друг надлежен орган). Со Извештајот за настан, испраќачот, примачот или транспортерот го пријавува настанот кај надлежниот царински орган кој може да биде Секторот за акцизи, царинската испостава на увоз или Одделението Дежурен царински центар ако настанот се случил надвор од работното време на Секторот за акцизи или царинската испостава на увоз. Царинскиот службеник во царинскиот орган на кого му е пријавен настанот ги внесува пријавените детали во извештајот за настан во EMCS.
   - Поднесување и пребарување на извештај од контрола - Извештајот од контрола го пополнува царински службеник од царинскиот орган кој спроведува физичка контрола на акцизните добра кои се движат во постапка на акцизно одложување. Контролата може да ја извршат царински службеници од Одделението за надзор, проверка и координација, од царинската испостава каде што е извршено увозно царинење или од Секторот за контрола и истраги во зависност од времето и местото на случување на настанот. Резултатите од контролата секогаш се внесуваат во извештајот од контрола со цел подоцна да можат да бидат искористени на пример при спроведување на понатамошни постапки кои можат да вклучат и наплата на акцизата, прекинување на движењето во случај да е откриен некаков прекршок, одземање на акцизните добра и други активности на надлежните царински службеници.
   - Генерирање и пребарување на референтни броеви за примена на резервна постапка – Со пребарување на референтните броеви за примена на резервна постапка, царинскиот службеник има увид за движењата за кои е одобрена примена на резервна постапка и задолжителното поднесување на е-АД.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

136. Надлежни за спроведување на ова Упатство се Секторот за акцизи, Секторот за контрола и истраги и царинските испостави.

137. Надлежни за предложување, примање и подготовка на измени и дополнувања на ова Упатство се помошник директорот на Секторот за акцизи и началниците на одделенијата во состав на Секторот.
138. Надлежни за вршење контрола врз спроведувањето на одредбите од ова Упатство се Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност.
139. Секое постапување спротивно на ова Упатство повлекува дисциплинска одговорност.
140. Непосредните раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.
141. Секторот за акцизи, во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии е должен да обезбеди објавување на донесеното Упатство на интранет страницата на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документација.
142. Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

Директор,
М-р Славица Кутиров

Бр. 01 - 062258/22-0001
Скопје, 23 -11- 2022

Изработил: Ренезијана Кипријанова
Согласен: Мелиха Панева

Упатството го подготви: Сектор за акцизи

Примателите: Директор,
Заменик директор,
Советници на директорот,
Помошници директори на сектори,
Началници на независни одделенија
Управници на царинарници

Примерок доставен за : Интерна употреба

Оригиналот се чува во: Сектор за акцизи
Архива

**ПРИЛОЗИ:**

**Прилог1: Објаснување на статуси на е-АД**

Е-АД може да биде во еден од следните статуси:

- **„Поднесено" (submitted)** – нацрт е –АД, прв статус кај порака ЕМ 815,
- **„Прифатено"** (**accepted)**– кога е-АД е проверен и доделен му е ЕРБД,
- **„Откажано"** (**canceled)**– кога е-АД е откажан од страна на испраќачот пред испраќање на акцизните добра,
- **„Одбиено"** (**refused)**– кога движењето е одбиено од страна на примачот на е-АД, после што се очекува промена на одредиште или откажување од страна на испраќачот. Во овој случај акцизните добра не се пристигнати на одредиштето,
- **„Прифатено за извоз" (accepted for export)** – кога е-АД е поднесен за извоз, а во полето за одредиште е наведена шифрата на ЦИ на извоз,
- **„Во извоз"** (exporting)– кога за е-АД е поднесена и прифатена извозна царинска декларација,
- **„Испорачано" (delivered)** – кога акцизните добра се испорачани на одредиштето и добиена е потврда на прием од испраќачот или од царинската испостава на извоз,
- **„Неприфатено"** (rejected)– кога акцизните добра се стигнати на одредиште, но не се прифатени од страна на примачот. Се поднесува IE 818 со општ заклучок „3"=одбиен прием. Во овој случај се очекува промена на одредиште. Овој статус може да се добие и кога царинската испостава на извоз го одбива извозот.,
- **„Делумно неприфатено"** (partially rejected)– кога акцизните добра се стигнати на одредиште, но дел од пратката не е прифатен. Примачот испраќа порака IE 818 со општ заклучок „4" –приемот делумно е одбиен. После овој статус следи порака за промена на одредиште,

- **„Пренасочено“** (diverted) – кога има промена на одредиште,
- **„Рачно затворен“** (manually closed) – кога е-АД е рачно затворен од страна на царински орган (во исклучителни случаи) – ЕМ 905,
- **„Запрено“** (stopped)– кога движењето е прекинато од страна на царинскиот орган,
- **„Нема“** (none)- кога нацрт е-АД е одбиено со порака IE 704 и треба повторно да се поднесе.

**Прилог 2: Објаснување на пораки во ЕМЦС**

- **ЕМ815** – поднесена работна верзија на е-АД, ја поднесува испраќачот најрано 7 дена пред датумот на испорака на акцизните добра (испраќа испраќачот – прима систем на ЦУ),
- **ЕМ801** - електронски административен документ, е-АД, после извршена автоматска проверка системот му доделува единствен референтен број на движење (ЕРБД)- (испраќа систем на ЦУ – прима испраќачот на акцизните добра),
- **ЕМ704** - генеричка порака за одбивање на нацрт е-АД, доколку при формалната валидација системот открие грешки. После оваа порака испраќачот креира нов нацрт е-АД со корегирани податоци-(испраќа систем на ЦУ – прима испраќачот или примачот),
- **ЕМ818** – потврда на прием, ја поднесува примачот најдоцна пет работни денови по приемот на акцизните добра (испраќа примачот – држател на акцизен склад или системот на ЦУ кога се работи за извоз – прима испраќачот или во случај на извоз, излезната испостава),
- **ЕМ900** – потврда на прием, ја поднесува примачот - повластен корисник најдоцна пет работни денови по приемот на акцизните добра во местото на повластено користење,
- **ЕМ810** - откажување на е-АД (испраќа испраќачот – прима системот на ЦУ),
- **ЕМ813** - промена на одредиште (испраќа испраќачот – прима системот на ЦУ),
- **ЕМ803** – известување за промена на одредиште (испраќа системот на ЦУ – прима системот на надзорниот царински орган, системот на испраќачот и системот на примачот),
- **ЕМ819** – порака за одбивање на испорачаните акцизни добра или за известување за неправилности, после која следи ЕМ 810 или ЕМ 813 (испраќа примачот – прима системот на ЦУ)
- **ЕМ802** – истекување на времето кога не е поднесена потврда на прием или промена на одредиште (испраќа системот на ЦУ – прима испраќачот)
- **ЕМ837** – причини за доцнење како одговор на пораката IE 802 (испраќа примачот или испраќачот – прима системот на ЦУ)
- **ЕМ871** – причини за кусок/вишок (опционална порака која се однесува на размена на дополнителни објаснувања и ја испраќаат примачот и испраќачот – прима системот на ЦУ)

- **ЕМ840** – известување за настан (испраќа секој трговец кој работи со акцизи или друго овластено лице кое е известено за настанот и се однесува за конкретно движење – прима системот на ЦУ)
- **ЕМ717** – извештај за контрола (Control Report- порака која се разменува само помеѓу надлежните царински службеници),
- **ЕМ917**– негативен прием на XML (означува дека пораката е формално неисправна, ја испраќа системот ЦУ – примаат или испраќачот или примачот, во зависност од насоката на движење),
- **ЕМ906** – порака за грешка (системот на ЦУ го известува примачот или испраќачот дека во испратената порака има грешка во однос на пропишаната спецификација),
- **ЕМ829** – известување за прифатен извоз (испраќа системот на Царинската управа – прима испраќачот на акцизните добра).
- **ЕМ839** – одбивање на извозот (испраќа системот на Царинската управа – прима испраќачот на акцизните добра).